| | |
|---|---|
| **Неделна тема** | Плодови на есента |
| **Содржина на денот** | Јаболко и круша |
| **Возраст** | 3-4 години |
| **Воспитувач** | Адријана Станков |
| **Дневни активности** | |
| **Здрави и безбедни навики** | Разговор за одржување на физичко растојание во градинка со другарчиња. Редовно миење на рацете со сапун за да се заштитиме од бактерии и вируси (слика 1). Миење на овошјето и зеленчукот пред да се конзумира. |
| **Активности** | Одбрете пошироко катче во Вашиот дом и направете неколку вежби со детето. Неколку пати тропкајте со нозете и пливајте со рацете.Со главата направете пет пати движење на лево и пет пати движење на десно (слика 2).<br>Откако ќе ги направите вежбите разговарајте со детето за плодовите кои ни ги подарува есента. Разговарајте за јаболкото и крушата и за тоа колку е важно убаво да се измијат пред да се конзумираат.Одберете неколку јаболки и круши и дајте му на детето,да ги разгледува и именува по форма и боја. Објаснете му колку е важно да се јаде овошјето свежо,полно со витамини.<br>Прочитајте му го детето текстот „Јаболко“ (слика 3). Поттикнете го детето да ја разгледа серијата слики (слика4). Потрудете се заедно да го обработите текстот преку прашања. Поставувајте му прашања на детето, тоа нека ви одговара,како на пример:Кој прв го здогледал јаболкото? Каде паднало јаболкото? Кој дошол да ги смири животните што се карале?<br>Играјте ликовна игра со детето. Нацртајте му контура на јаболко или круша, и детето нека бои внатре во контурата со дрвени боици, или некој друг ликовен материјал што го поседувате дома (слика 5). Може да направите и еже од јаболка и чепкалки за заби. Дајте му на детето половина јаболко и нека го боцка со чепкалки (под Ваш надзор). |